16340/1
16360/1
16345/1
16330/3
16330/4
16361/1
16336/2
16360/2
16336/3
Scale = 1 : 500
7483315.21, 4552130.87


16247
16238
16243
16241
16239
16235/2
16232/1
16229
16230/1
16285/3
16224
16246
16230/2
16278/2
16235/1
16225
16226/2
16222
16245/1
16244
16240/2
16240/1
16245/2
16236
16227
16240/4
16240/3
16278/1
16279
16280
16226/1
16266/2
16270
16286
16285/4
16285/2
16261
16263
16267
16269
16271/1
16272
16266/1
16295
16274
16273/1
16253/2
16253/3
16273/2
16281
16283
16287
16291/1
16290/1
16265
16268/1
16253/7
16288
16292/1
16268/3
16275/1
16268/2
16277
16291/2
16290/2
16297
16315/2
16292/2
16300/3
16304
16306
16303
16298
16316
16312
16311
16299
16314
16309
16302
16300/1
16296/2
16308
16346/11
16310
16346/21
16301
16356
16343
16348
16347
16351
16336/1
16349
16353
16354
16352
16360/3
16340/1
16360/1
16350
16355
16345/1
16361/1
16336/2
16360/2
16361/3
16346/2
16336/3
16359/2
16339/2
16340/2
16360/4
16346/5
16359/1
16361/2
16357
Scale = 1 : 500
7483382.55, 4552081.17


16219
16223
16224
16225
16221
16222
16227
16220
15484/1
15484/2
15485/2
15485/1
15460
15465
15464
15466
15475
15476
15477
15479
15480
15478
15483/1
15483/2
15482
15486/1
15486/2
15487
15488
16294/1
16294/2
15491/4
15491/2
15491/1
15491/3
15493/2
15492/1
15493/1
16295
16290/1
16290/2
16291/1
16297
16298
16299
15489/2
15490
15497/2
15497/1
16346/13
15496
16296/1
16296/2
16346/1
16356
Scale = 1 : 500
7483491.89, 4552102.87

# 3. Плоштад пред Св.Софија

**Катастарски опфат: КП 16030/1 (Св.Софија), КП16014, КП 15979**

## Културно историски вредности

Еден од најзначните и најекспонираните простори, во срцето на стариот Охрид оформен низ вековите, е Комплексот околу катедралната црква Св. Софија. Просторот е оформен, помеѓу урбаните репери, на некогашното римско Кардо, (денешна улица Илинденска), и елитната улица Самоилова, односно правец Долна порта - Св.Софија. Просторот околу црквата Св. Софија и јужно од неа, во стариот Лихнид, се наоѓал надвор од бедемските ѕидови, со функција на градски пазар и пристаниште, но со контролиран пристап кај Долна порта. Со христијанизирање на стариот Лихнид и создавање на урбан мотив - катедрален храм над урнатините на базиликата - пазар,е изградена црквата Св. Софија. Просторот живеел како катедрален простор се до доаѓање на Турците крај на XIV век.Во време на Отоманската империја, просторот бил адаптиран, за потребите на отоманските паши, така да и денес просторот се вика Сараиште.Во комплексот Св. Софија, формирана е урбана рамка од станбени објекти, изградени веројатно во XVII - XVIII век.

**Црква СВ. СОФИЈА** Катедралниот храм Св.Софија, во XI век е седиште на Охридската архиепископија, која својата црковна власт ја протегала од реката Дунав до албанскиот брег и Солунскиот залив. Катедралната црква Св.Софија во периодот од 1035 до 1056 година, за време на архиепископот Лав е обновена на темели од постарите култни објекти и осликана. Скоро три века подоцна, во XIV век, поточно во 1317 год., во времето на архиепископот Григорие, на западната страна на објектот е доградена припрата со особено репрезентативна фасада, јужната и северната кула кои што со текот на времето станале еден организам со првобитната концепција. Според артикулацијата и декорацијата на западната фасада на Григориевата припрата таа претставува единствен пример на синтеза на елементи од сакралната и профанатa архитектура во византиската архитектура воопшто. Живописот од средината на XI век иако е сочуван само фрагментарно заедно со живописот во Григориевата припрата од XIV век завземаат високо место во византиското сликарството

Во 1466 год. објектот е претворен во џамија. Во овој период направени се поголеми екстериерни и ентериерни промени: наместо поранешните сводови и куполата со трансепт се изградени нови сводови; изграден е мимбар со делови од камената олтарна преграда и цибориумот од XIV век, низа преправки и доѕидувања, како што е тремот на северната страна и минарето над северната кула.

Во 1912 год. срушено е минарето, а во 1916 год. објектот повторно ја превзема функцијата на црква..Сето ова од Св.Софија прави споменик драгоцен како научен документ и ликовна творба.

## Квалитет на визуелниот и културно историски идентитет на плоштадот

Просторот е релативно нарушен со содржини од несоодветна примена на урбан мобилијар на самиот плоштад , на фасадите од околните објекти, од неуредна информативна и сигналитичка опрема и сл.

***УРБАНА ОПРЕМА***

***1.Улична текстура и елементи на партерната површина*** :

**- партерна површина во целина**: старата и соодветна обработка во камени коцки е местимично неуредна(улегнувања,непедантни поправки и сл.)

**- Огради**,соодветна обработка со камен околу Св.Софија и околните угостителски обекти

**Скалници:** пред влезови на објектите се наоѓаат на уличниот простор (да се елиминираат);

**- елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај:** нема иако е потребно со обзир на дозволениот моторен сообраќај во историското јадро**;**

***2.Урбан мобилијар:***

**- Клупи за седење:** нема

- **Корпи за отпадоци,чешми на отворено:**нема

**-Елементи за осветлување :**

*-Слободно стоечки улични светилки(канделабри)со мотив на охридска куќа:* не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор со највисоки културно историски вредности;нема видлив концепт во нивно поставување и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;разнородност на видови светилки на релативно малиот плоштад и без видлив естетско функционален концепт во нивниот избор(не постои усогласување на уличните светлечки тела и оние застапени во дворот на Св.Софија..илуминации и сл.)

*-Слободностоечки рефлектори за илуминација:* позиција: во дворот на Св.Софија

*Оценка* :недозволена позиција(поставеност) на ваков доминирачки вертикален елемент кој визуелно е согледлив од секоја точка на високо вредниот историски амбиент на плоштадот со црквата;естетски исто така е неприфатлив;

***Препорака****:замена со друг вид скриео тело за илуминација на објектите*

**-Елементи за информирање :**

- **точка пред Св.Софија** (на дворниот агол)-на оваа позиција постои огромна концентрација на вакви елементи:*сигнализација* за позиција на културно историски објекти која се повторува два пати една до друга, притоа на различно дизајнирани табли (поставени веројатно од независни институции),*сообраќајна табла* за движење на возила и паркирање,*информативен екран на допир(тач скрин* )кој е вон функција,табла за означивање на wi fi зона(точка) и др.

*Оценка:* комплетно визуелно контаминирана точка

**-Елементи за огласување и рекламирање:**

*-огласување на угостителство , трговија и услужни дејности* на објектите од парцелите *бр.16013,16014,15981/1, 15981/2, 15979* поставени се рекламни и огласувања на фасадите,со големи димензии и упадливи текстови кои имаат девастирачко влијание на архитектурата на објектите подеднакво и на идентитетот на културно историскиот амбиент на плоштадот

**-Утилитарни објекти и опрема – тераси и дворови со настрешници**

**-** *самостоечка тенда на столбови( еден вид на покриена тераса )* позиционирана на јавната површина на самиот плоштад пред Св.Софија ,пред парцелите 16013 и 16014

*Оценка* :многу лошо –позицијата е без почит кон можност за слободна визура кон црквата;зафаќајќи доминантна положба на јавниот простор со историско знзчење комплетно го девастира

*-покриени тераси со тенда во комбинација со лесен монтажен покрив* на приватни неизградени парцели бр.16017,15979 кои се целосно ориентирани кон јавниот простор.

*Оценка и препорака* :добар пример на вклопеност во амбиентот,употребени добри градежни , обликовни и декоративни материјали ,цвеќарници и т.н.

***Препорака** :Тендите треба да се ослободени од рекламни натписи*

*-конзолни тенди:*поставени се на сите објекти околу плоштадот ;унифицирани се по боја (бордо) но на сите има рекламни текстови испишани со крупни букви што е девастирачки

-На КП 15979 преден двор е препокриен со настрешница врз потконструкција по целата дворна површина,притоа од несоодветни материјали ,притоа истата визуелно ја блокира фасадата*( да се елиминира )*

**-Маси и столови:**поставени се по еден ред маси и столови на улични`тераси`пред објектите на парцелите16014,15981/2 (на улиците)

*Оценка* :го реметат движењето

## ***Генерални препораки за интервенции на плоштадот***

*Состојбата на потегот може да се поправи со помали интервенции според* ***Проект за уредување на просторот*** *согласно,* ***Правилник за уредување и опремање на јавниот простор на заштитеното јадро и елементите кои се наоѓаат во негово видно поле(архитектонски,урбани),*** *кој ќе произлезе од оваа студија како и според дефиниран* ***Каталог за унифицирана урбана опрема*** *базиран на истиот Правилник..*

*<u>*Мерки во интервенциите:</u>*

*-елиминација на одредена урбаната опрема*

*-адаптација на постојна*

*-поставување на нова (со помал обем)*

*-санација на партер*

*-проектно средување на јавното осветлување и илуминација*

**Конкретни активности:*

*-демонтажа и ослободување на површината кај покриената тераса со слободностоечка тенда пред парцелите 16013 и 16014;конзолните тенди на околните објекти да се средат според идниот Правилник и гореспоменатиот* ***Проект***

*-итна поправка на тач скринот;демонтажа на сите други информативни елементи;поставување на нови елементи на позиции според* ***Проектот***

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА ПЛОШТАДОТ СВ.СОФИЈА**




.

фотографија (9960)**КП:16017и 16030/1(Св.Софија**






Фотографија (9954)**(агол од двор од Св.Софија)**




Фотографија (9941) **КП 16013 и КП 16014**




Фотографија(99948) Плоштад пред Св.Софија




Фото(9945) **КП 16013**




фотографија (9956) **КП 16017**

# 4.Улица Коста Абраш

## 4.1 Сегмент - од плоштад Св.Софија до црква Геракомија

**Катастарски опфат: (кП 16016-КП 16020) - поглед кон северозапад,кон Самоилова**

### Културно историски вредности

Урбан остров кој како површина е остаток од историскиот комплекс на катедралата Св.Софија во кој се наоѓале мноштво објекти од сакрален и резиденцијален карактер за потребите на свештеничкиот клер. Овој простор денес се развил во угостителско туристички комплекс кој го формираат терасите на Ресторан „Св Софија“ и ресторан „Дамар“ и неколку приватни апартмани за издавање на туристи.




Фото( 122343), (122527),

**Визуелниот квалитет на историскиот амбиентот и културен идентитет** е со мал степен на нарушеност кој со мали интервенции ќе може да се поправи и унапреди по пат на -елиминација и адаптација на одредена постојна урбана опрема,како и поставување на нова

**<u>Нарушувања и квалитети се следни:</u>**

***АРХИТЕКТУРА :***

-во зона на крововите појава на соларни инсталации,антени за телекомуникации ,разводни кабли ; конструкции за сушење на веш по фасадните балкони; Жардениери на балконите се од пластика и разновидни по форма и боја;и тн.

***УРБАНА ОПРЕМА*** **:**

***<u>1.Урбана партерна текстура</u>*** ***<u>и елементи на партерната површина</u>*** <u>:</u>

**- Партерна површина**: стара обработка во камени коцки која треба да се задржи;прифатлива обработка на огради од камен кај околните куќи со угостителска намена и кај Св.Софија

**- Елементи за разграничување на колски сообраќај**:местимично со бетонски бели топки;(лоша димензија и боја)

***2.Урбан мобилијар:***

- **Корпи за отпадоци :**нема ;

-**Жардениери со цвеќе**: добро вклопени во камените огради на приземните партии од објектите но се од пластичен материјал;

*Препораки:нивна замена со садови од природен материјал и со прифатливи воедначени форми подеднакво и на балконите на катовите од куќите*

**-Елементи за осветлување :**

*-Слободно стоечки улични светилки(канделабри)со мотив на охридска куќа:*

-не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор со највисоки културно историски вредности;нема видлив концепт во нивно поставување и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;разнородност на видови светилки на релативно малиот плоштад и без видлив естетско функционален концепт во нивниот избор(не постои усогласување на уличните светлечки тела и оние во дворовите од црквите

**-Елементи за огласување и рекламирање:**

*-огласување на угостителство* , на објектите од парцелите бр. 16016,16018 : прифатлив концепт на дизајнот за огласување на името на рестораните(особено кај Дамар)-соодветно избран неутрален материјал кој кореспондира со зиданата ограда во камен; Непримерно поставување на табла за огласување на кровот на КП16016

**-Утилитарни објекти и опрема**

**Покриени тераси* имаат објектите на КП *бр. 16016,16018 и 16020* -оформени од традиционални материјали (камени огради,дрвени столбови,греди,кровни конструкции, кровови од керамида)

**Конзолни тенди –Лошо:*во приземје и на кровна тераса на КП 16018 изведени во различни бои(црвена-кров ,зелена- приземје). со рекламни натписи

## *Препораки за интервенции на потегот*

*Елиминација(преместување )на соларните и други инсталации од крововите; елиминација на табла за огласување од кровот на КП16016;замена на текстови на имињата на рестораните од латиница на кирилица;на КП 16016 да остане само*

*една рекламна табла со име на ресторанот;Табли со мени не смеат да се на фасада туку на мобилни неупадливи паноа(унифицирани според каталошки проектза цело јадро)Елимитација на кровни тенди и чадори,евентуална замена според каталошка проектна унификација; Усогласување на осветлувањето,тенди во приземје и жардениери на сите позициии согласно* ***Правилник*** *и утврден Каталог за унифицирана урб.опрема;*

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА :**

## 4.1 Сегмент од плоштад Св.Софија до црква Геракомија

**( КП 16016 -16020) (поглед кон северозапад,кон Самоилова)**







фотографија( 9966) **КП 16018**



Фотографија (9960) **КП 16016**




фотографија( 9964) **КП 16018, КП 16020**



Фотографија (9968) **КП 16016,КП 16018,КП 16020** (детали)

# 4.Улица Коста Абраш

## 4.2 Сегмент околу црква Геракомија Сегмент

**Катастарски опфат:**

**Од КП 16022(црква Геракомија) –КП 16024 (Вила Св Софија) на северозапад, и од КП 16028/1 –КП 16027/2 на југ**

## Културно историски вредности

Овој дел го сочинуваат сакралниот објект - Црквата СВ.НИКОЛА ГЕРАКОМИЈА која за првпат се споменува во списокот на Козма Китиски во XVII век а денешната градба потекнува од XIX век и е во форма на трикорабна базилика со столбови. Таа претставува една од нај активните цркви во тој дел од градот и е еден вид собиралиште на локалните жители. Заедно со Вила Св Софија формираат урбан остров помеѓу 4 улици и претставуваат неодминлива амбиентална препознатлива сцена на тој потег.

За разлика од комплексот Св Никола Ѓеракомија и Вила Св Софија (во непосредна близина но на ул.Цар Самоил) каде постои просторен и амбиентален ред и хармонија, за парцелите од спротива на црквата геракомија ,може да се каже дека се „хаосот“ кои го создаваат времените тезги за продажба на сувенири. (КП16027/1 ,16029,16055)

Покрај овие парцели со времени тезги за сувенири, овој урбан остров се заокружува со Ноќен бар „Џез Ин“ кој е причина за најчести поплаки на локалните жители за сголемена бучавост и галама во летниот период

***АРХИТЕКТУРА***

**Девастациите главно се од урбан мобилијар,енергетска,комунална ,телекомуникациска инфраструктура и сл:**

-Енергетски видливи тела на соларни бојлери и панели.во кровната партија

-Сателитски антени во кровни партии,видливи кабли

-Видливи сандаци од ЕВН на фасада, кабловски разводи по фасади

-Одвод на атмосферска вода со олуци по улица

-Огласување и рекламирање со табли по фасадите

***УРБАНА ОПРЕМА***

***1.Урбана текстура - елементи и обработка на партерната површина*** :

**- Улична партерна површина**: *добра* обработка во камени коцки

-*Лошо*:пред КП 16346/10 вршени се интервенции со бетон!

**- Елементи за разграничување:**

*-тротоари , денивелации во тротоари ,скали,ивичници од тротоари* –добра стара обработка во камена коцка и плочи ;

*-улични проширувања(плоштадка -пред црквата Геракомија) и џепови(* кај КП 16024)- добра стара обработка во камен;

*-Огради* , добра обработка во камен (околу црквата и соседните објекти)

## *2.Урбан мобилијар:*

- **Корпи за отпадоци :**нема ;

**-Елементи за осветлување :**

*-Слободно стоечка улична светилка(канделабар)со мотив на охридска куќа:* не го задоволува потребниот интензитет на светлина во овој простор со високи културно историски вредности;нема видлив концепт во поставувањето и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;Единствениот канделабар е искривен и дополнително девастиран со прикачена рекламна табла;На уличниот потег кај КП16253/4 ,16027/1..нема осветлување и ноќе владее мрак

*Осветлување на фасади(илуминација) – црквата* нема илуминација; реконструираниот објект на КП 16024 е илуминиран со дискретно светлечко тело

**-Елементи за огласување и рекламирање:**

*-огласување на угостителство ,*

*Оценка:* на објект од парцела 16024 : прифатлив концепт на дизајнот за огласувањето)-соодветно избран неутрален материјал кој кореспондира со зиданата ограда со камен.

Лошо огласување: табла закачена на канделабар пред црквата,на објектите на КП 16055,16029, 16027/1 - употреба на непримерни материјали на таблите ,латинични букви,дизајн на таблите..**од горна страна урбана опрема за продавање на сувенири...Од јужна страна Кафе бар „Џез Ин“ за кој има чести поплаки за гласна музика и гужва во касните ноќни часови во сред станбена средина...**

**Тераси-** пред КП 16024 добро вклопена мала тераса за угостителство во урбаниот џеп на локацијата**; Маси и столови** на истата тераса се со добар избор од дрво;

**-Утилитарни објекти и опрема**

-Пред црквата на спротивната страна постои комплетна визуелна контаминација со *<u>движни елементи од урбана опрема</u>*: разнородни движни тезги со и без тенди,за продажба на сувенири,накит;бетонски и пластични жардениери со зеленило и цвеќе.Ноќе се осветлуваат импровизирано

## ***<u>Препораки за интервенции на потегот</u>***

*Елиминација на постојно огласувања по фасади; негова замена ,како и замена на улично светло со нови канделабри, илуминација на црквата,корекција на улчните бетонирања и враќање во обработка со камен ;поставување на информативно пано или медиум за црквата со `приказна`и сл.Сите интервенции да се според* ***Проект за уредување на просторот*** *усогласен со Правилник и каталошка типологија базирана на иден Каталог за унификација на УО* ***;***

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## 4.2 Сегмент околу црква Геракомија




.



фотографија.(9974),**КП 16022 и 16024 во позадина**




Фотографија (9988) **КП 16022**




Слика (9990) **Парцели: 16022 и 16028/1,16028/2*



Фотографија (001) **КП16024**




фотографија. (002) **КП16024**




Фотографија(9976), **КП 16024**



Фотографија (9980) **КП 160244**








Фотографии: 122603, 122619, 122625, 122658, 122716, 122726

# 4.Улица Коста Абраш

## 4.3 –Сегмент Сараиште

**Катастарски опфат: помеѓу( КП 16253/4-16319) кон север и (КП 16327/ 1 – 16329) кон југ**

**Визуелниот идентитет на потегот** е нарушен со различен интензитет долж уличниот потег и различен вид на девастираност со оглед на тоа дека и урбаните содржини се различни: плажа Сараиште, ул.`темница`под Уранија ,континуиран фасаден низ на архитектонски објекти на северната страна од потегот а со ориентација кон езерото(југ).

Генерално,квалитетот на улицата како од архитектонско урбанистички аспект на уреденост,така и во поглед на урбана опременост,сообраќајно,инфраструктурно и сл. е потполно загрозена ( паркиралишта, несоодветни и агресивни по форма чадори во крајбрежјето,крајно несоодветен и неуреден партер,зазеленување,осветлување.....)

### Девастациите се на две равништа:

***<u>а) На архитектурата</u>*** : во зона на крововите, на фасадите и нивната текстура,адаптации на приземните зони заради комерцијални причини и т.н

*<u>- Кровови и негативни реперкусии врз силуетата</u>* **:**

- енергетски тела(соларни панели,бојлери) врз крововите ; поставување на телекомуникациски антени,

- подигнати се поткровја со тераси во нив што е надвор од традиционалните манири;

-појави на невкусно покривање на таквите поткровни тераси со перголи од поликарбонати во интензивни бои поставени на метални потконструкции;

*<u>-Фасадни девастации</u>*

-фасадите се узурпирани со клима уреди и црева за одвод на нивната отпадна вода

-неуредно фасадно водење олуци за одвод на атмосферска вода од крововите која понатаму директно истекува по улицата

-Присуство на електрични ормари и други видови инсталациски кутии ,со цевководни доводи и одводи( КП 16323/3)

- видливо и неуредно водење на кабли за телекомуникации,интернет исл.

-не постои одмерен и соодветно на културно историскато значење на СГЈ, визуелен изглед на рекламите и таблите за огласување(избор на материјали за таблите и рекламите,големина,форма,позиција ,боја..)

-испишување со латинични букви на таблите за огласување, англиски именувања на функциите на комерцијалните приземни простори и т.н

***б) На јавниот отворен простор*** –на плажата Сараишта ,улицата , улични проширувања и дворови кои учествуваат во визуелизацијата на јавниот простор

***Основна карактеристика на постојната состојба на јавниот простор во овој дел:**

- проширувањето на улицата кон плажата( КП16327/1 ) , неговото постепено спуштање кон истата,функционалното `зонирање`(спорт,угостителство,зеленило..) огласување со сообраќајни знаци ,уредување со зеленило и т.н*.се резултат на стихиски промени и уредувања а не на проектно планирање.*

-на одредени позиции(КП КП16320 и 16322;16327/2) постојат неуредени и запуштени објекти или дворни фронтови(кои учествуваат во изгледот на уличните фасади) со што се нарушува визуелниот квалитет на овој дел од целината ,

*Партер , урбана текстура и инфраструктура*

-Уличен партер: изведен на стар начин во камени коцки

-денивелации во уличниот партер, настанати од чести интервенции за инсталации,градежни интервенции,сообраќај со возила и сл.

-Недозволено законски поплочување со павер елементи(бекатон) на проширувањето кај плажата

-Скалници пред некои од куќите се изведени во бетон,дел се во камен и зафаќаат во јавниот простор(спротивно на закон)

-камени зидчиња со различни висини и скали за спуштање на платформите кон плажата изведени во различни материјали и без видлив естетски концепт

-неуредно позиционирање на елементи од инфраструктурата :капаци за шахти,хидрант,и т.н.

*Уредување на зелени површини:*

-Постои високо зеленило од разни видови дрва,ниско зеленило во вид на жива ограда кое е во запуштена состојба и стихијски одбрана позиција ...

*Елементи за разграничување на површините* : комплетно се неуредни како во позициите така и во применетиете елементи,материјализација,дизајн

- бетонски столбчиња и ивичници ,бетонски зидчиња,камени зидчиња со различни висини

-бетонски жардениери со различни форми ( некои од нив се накнадно боени), пластични саксии слободно поставени и без секаков концепт

-на позиции каде е потребно нема граничници за колски сообраќај,

*Елементи за третман на вегетација* **:**има зидани цвеќарници кои се запуштени во вегетацијата,но и без дизајн-концепт

*Елементи за седење:* Клупи нема

*Елементи за ѓубре:* Корпи за ѓубре нема

*Елементи за осветлување* :неуредно осветлување (без концепт) а со употреба на :

-Слободно стоечки улични светилки (тип канделабар)со мотив на охридска куќа_со различни висини и нејасни модификации на формите. Овој тип канделабри не го задоволува потребниот интензитет на светлина во овој простор; нема видлив концепт во поставувањето и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;

-слободностоечки високи рефлектори во функција на спортскиот терен

-Осветлување на фасади(илуминација) *:нема*

*Елементи за информирање на пешации*

- Сигнализација (правци..), елементи за обележување на објекти од значење и на споменици на култура-нема

*Елементи за огласување:* има мобилни табли,мини тезги и сл без концепт и дизајн

*Елементи за засенчување*

- Тенди ,чадори:застапените чадори се крајно агресивни и сосема некомпатибилни функционално и естетски,затвораат визури кон езерото

*Чешми нема*

-Простор кај КП 16320 и 16322 16327/2 -отворените дворови се неуредени и го девастираат квалитетот на визури во комуникацискиот потег

## ***Препораки за интервенции на потегот***

*Состојбата може да се поправи единствено со интервенции според* ***Архитектонски проект за уредување на просторниот потег Сараиште (плажа и уличен потег )*** *согласно Правилник за уредување на јавниот простор на заштитеното јадро(предложен во оваа Студија)и Каталог за унифицирна урбана опрема*

**Релевантност:**

*Планското уредување **(партерно уредување,урбана опрема,и т.н)** за целиот простор,дотолку повеќе е важен што тој се наоѓа на многу интензивен (пешачко-туристички) комуникациски правец и што ова е единствената плажа во нискиот дел на СГЈ*

*Мерки во интервенциите:*

*-елиминација на одредена урбаната опрема,проектно дефинирање на амбиентално осветлување на плажата,посебно низ улицата,уредување со зеленило,средување на поплочувањето.....)*

*-поставување на урбан мобилијар достоен на вредноста на традиционалниот амбиент(информативни панои или медиумски табли за функциите на потегот од плажата во минатото,....рибарски мрежи..чунови...и др.аспекти..)*

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## 4.3.Сегмент Сараиште







Фотографија( 014) (панорама од објектите на долните парцели)

**КП: 16253/4, 16025/1, 16326,16346/3, 16325/2**



Фотографија (016) поткровни тераси,ограда-ковано железо,бели ролетни.. )



фотографија(024) - детал од горната панорама ,поткровни тераси,перголи,соларни инсталации,ТВ антени,тенди ...



Фотографија(010)детал од горната панорама –разводни кабли,олуци,клима уреди...



фотографија(004)**помеѓу КП16024 и 16253/4**
(олук,црева од инсталации,електрич.орман.



Фотографија(016) **КП 16326**



Фотографија (018) **КП16327/1 (**проширување кај плажата)



Фотографија (253) **КП 16060**



Фото (263) **КП 16060**




Фото (265) **КП 16060**




)



Слика (022) **КП 16346/3, 16325/2, 2323/3 (Чауле)**






Фотографија (048) **КП 16322 (Савин)**



**КП 16320( Савинови)**



Фотографија(050) **КП 16323/3** (инсталациони разводи,кабли,клима уред, рекламна табла во јака боја ...



фотографија(044) **КП16323/3** (инсталациони разводи,бетонски столбови, олуци,тезги ..)






Фотогр.(033) поглед кон **КП 16327/2**(рефлектори,запуштен отворен простор, зеленило, соларни инсталации...



Фотографија (035) **КП 16327/1**(кон плажа)паркирање,неуредно зеленило, павер коцки на партер



Слика (039) **КП 16327/2**



Слика (040) **КП 16327/1**



Слика (042)**КП 16327/1**



Слика (074) **КП 16327/1, и КП 16327/2**(во дното)



Фотографија(076),**КП 16327/1 (плажа)**



**КП 16327/1**



**КП 16327/1**



КП 16327/1



КП 16327/1



КП 16327/1






Слика (033) **КП 16327/2**



Слика ( 039) **КП16327/2**




Слика ( 040) **КП16327/1**



Слика ( 058) **КП16327/2 и КП16327/1**



Слика (060)



Слика (062) **КП16327/2 и КП16327/1**



Слика (064) **КП16327/2**



Слика (066) **КП 1616321,16318(16328),16319(16329)**



Слика ( 068) **КП16327/2** *(слободна површина)* **и 1616321,16318**



Слика ( 072) **КП 16327/2(слободна површина)**



Слика ( 078)

# 4.Улица Коста Абраш

## 4.4 –Сегмент од Уранија до Табана

**Катастарски опфат: (КП16319-16356) на север и од (КП 16330/2 –КП16357) на југ**

**Квалитетот на визуелниот и културно историски идентитет на потеготот од куќата на Уранија до Табана** има различен степен на нарушеност која индикативно расте со приближувањето кон Табана .Анализата покажува дека постојат две секвенци на потегот со различен степен на девастации и тоа:

_Прва улична секвенца_ која се протега од Уранија на КП 16319-16308(на север ) и КП 16329до КП 16346/21(на југ),каде девастациите се поодмерени и полесно поправливи

_Втора улична секвенца_ од КП 16308 - 16352( на север) и КП 16346/21 - КП 16357(на југ) а во која девастациите се толку големи што резултира во визуелно-естетска контаминација .

Девастациите во двете секвенци на овој специфичен традиционален урбан потег се манифестираат :

***а) На архитектурата*** : на фасадите во приземните зони од објектите заради адаптации од комерцијални причини; изведување на нови настрешници над влезовите и покрај објектите,поставување најразновидни рекламни,огласувачки,информативни табли испишани на латиница,на англиски јазик а скоро никогаш на македонски и со кирилично писмо и сл;

Во зона на крововите особено *во втората улична секвенца* каде девастациите се подеднакво архитектонски и инфраструктурни (во оваа смисла особен допринос во визуелната девастација имаат видливи панели и бојлери за соларна енергија поставени врз крововите ,кровни,фасадни ТВ антени ,разводни кутии и кабли за телекомуникации,интернет ,метални димни каналии сл),

***б) На јавниот отворен простор***:кои главно произлегуваат од несоодветна и стихијна примена на урбана опрема (осветлување,елементи за разграничување на сообраќај,огради,паравани,табли за огласување и реклами,жардениери и сл.(индивидуално избрани од корисниците на објектите,); од недостаток на урбана опрема ; од несреденост на комуналната инфраструктура ; естетски лошо поставување електрични ормани вдолж улицата, и т.н.

## ***Препораки за интервенции на потегот***

**За првиот сегмент потрбен е* ***Проект за конзервација , реставрација и санација на 'уличките темници' и опремање со урбана опрема,мобилијар(****партер****,****осветлување,информативни табли,медиумски или обични паноа,освен конзерваторско реставраторските зафати на архитектонските површини)*

**За вториот сегмент ќе биде потребно изготвување на посебен* ***Архитектонски проект за конзервација ,реставрација,санација и адаптација на интегрални(приземни )фасади и уредување на отворениот јавен простор***

*Обата проекти да се согласно важечките законски одредби за СГЈ и Правилник за уредување на јавниот простор и ....,( предложен во оваа студија) и Каталог за унифицирана урбана опрема*

***Забелешка***

Во текстуалната и графичко илустративна анализа што следи за овој потег дадена е анализа на *5(пет) подсегментни потези* токму заради различностите на традиционалното урбано ткаење во кое се појавува ритмизација на куси улици`темници`и куси отворени улични сегменти,па потоа исклучиво тесни попречни поврзувачки улички со ул.Самоилова и т.н.

## *4.4.1. Подсегментен потег <u>од Уранија до ул.'Темница'</u>*

**Катастарски опфат:(КП 16319 Уранија -16315/2)кон север и (КП 16330/2 – 16332/2) кон југ**

### <u>*Елементи и обработка на партерната површина*</u> :

**-Партер**: материјализацијата е со камена коцка и за улицата и за уличните скали кои ги поврзуваат ул. К.Абраш и Самоилова и истата претставува традиционален партер;

*Оценка*: Неуреден уличен партер пред Уранија,видлива преправки,санации со бетон на одредени помали површини**;**

**-елементи за партерно разграничување :**

-<u>*Огради:*</u> Потпорен зид на КП 16317, 16315 –применета е обработка во камен соодветно на амбиентот

<u>*-граничници за колски сообраќај*</u> - разнородни (бетонски топки,метални столбчиња пред КП 16330/2,

*Оценка* : неуредно зидање на потпорните зидови на двете позиции,оштетена и неуредна завршница во горната партија,зидовите се обраснати со самоникната вегетација (во фугите);граничниците се неуредно поставени,а металните столбчиња се искривени,импровизирано вметнати во почвата ;

Сето ова е девастирачки и недозволено за високовредната локација со неколку куќи со статус на заштитени добра.

### <u>*Урбан мобилијар*</u>*:*

- **Корпи за отпадоци :**нема, иако локацијата е точка на задршка заради куќите Уранија и Робевци;

**-Елементи за осветлување :**

<u>*-Конзолен тип на улични светилки со мотив на охридска*</u> куќа се неуредно поставени при влезот во темницата,а внатре има слаба висечка светилка од истиот тип со видливи кабли по плафонот на темницата; тие не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор со високи културно историски вредности;нема видлив концепт во поставувањето и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;

<u>*Илуминацијата*</u> на куќа Уранија го задоволува барањето за истакнување на локацијата и споменикот.

*Оценка* : илуминацијата е по принцип на снажно осветлување (со помош на неодмерено висок и упадлив рефлектор позициониран на КП 16317 кој е некохерентен

со вредноста на локацијата со двата споменици-куќа на Робевци и Уранија) а не по принцип на самооддавање на светлина(зрачење) што би било посоодветно и што подразбира употреба на други видови илуминаторски тела кои се невидливо позиционирани

**-Елементи за огласување и рекламирање:**

- *информативни табли:*

-нема за Уранија која импозантно доминира во визурата на локацијата,(поставена на ул.Самоилова)

- има табла со прифатлив дизајн за рачна изработка на хартија на потпорниот зид;

-нема информативна табла или медиумско пано за улиците" темници" кои се повторуваат во одрден ритам на потегот кон Табана и кои се карактеристични за традиционалниот урбанизам на Охрид .

*-Девастации од* ***инфраструктурни инсталации****:*орманчиња за струја,друг вид разводни кабли кои вертикално се потпираат на фасадите,на оградните потпорни зидови од денивелацијата на теренот и од куќите,испишувања со графити врз нив(нечистотија!!!)

## *Препораки за интервенции*

***Потрбен е Проект за уредување и опремање на целиот сегмент до 'Табана'****со кој ќе се опфати: Санирање на партерот;поставување на информативни табли или медиумски тип со 'приказна'за ул.'темници',за куќата Уранија;за хангарски тип на куќите (Корбизие) ;средување на уличното светло и она во 'темниците' преку замена со нови типолошки стандардизирани и обликовно унифицирани светилки според Каталог усвоен за целата урбана опрема на јадрото а врз основа на нормите во Правилник и според иденсеопфатен проект за осветлување на овој дел од СГЈ* ***;***

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## *4.4.1 подсегмент од ‘УРАНИЈА ДО УЛ.’ТЕМНИЦА’*







Слика ( 082) **КП 16317**



Слика ( 084) **КП 16319 (Уранија)**



Слика ( 086)   **КП 16319**






Слика  (088) **16316 (Б. Евтимов)**

**Парцели : 16330/1, 16330/1**






Слика (225) **КП16330/2**



Слика (227) **КП16330/2 и 16332/1**



Слика (229) **КП 16332/1**



Слика (233) **КП 16332/?**



Слика (235) **КП 16334**



Слика (237) КП 16334



Слика (241) **КП 1616330/2** скалници во улица,метални цевки како граничници...

**Парцела 16319**






Слика (243)*( Уранија)*,**16329**



Слика (245) помеѓу **КП16329 и КП 16330/1**

## *4.4.2 ПОДСЕГМЕНТ* помеѓу КП16315/1/2 -16314(север) и КП 16346/18-1616346/21(југ).

**Парцели( во улица темница):**

## *1.Состојба на архитектура и урбан мобилијар*

***Осветлување:*** *во* ***`темницата`*** во употреба е висечки тип од светилките а во ***отворениот уличен потег*** конзолен тип светилки со мотив на охридска куќа кои не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор со високи урбани историски посебности

***илуминација*** :нема

***Елементи за информирање на пешации***

- Елементи за обележување на објекти од значење и на споменици на култура-нема

- Сигнализација (правци..) -нема

***Елементи за огласување:***

*Оценка* :Голема контаминација со табли за огласување на фирми кои се наоѓаат на дотичната ‘темница‘притоа со:

-латинични испишувања,нечитлив(нејасен) дизајн на букви,

-странски називи на фирми

-рекламни табли за пијалоци,предмети и артикли кои се на продажба...

-не постои концепт и ред во начинот на поставување на сите погоре споменати табли(хоризонтално,вертикално,висечки,нормално на фасадите..); тие се суперпонираат едни преку други а додатно се користат и конструкциите на стоечките или конзолни улични светилки

***Инфраструктурни девастации*** : кабли за струја,разводни кутии и цевки за интернет,телекомуникации и сл.се водат по фасадите на улицата`темница`;по фасади на објектите од отворените улични сегменти:

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА*:***

***4.4.2 ПОДСЕГМЕНТ ОД КП* 16315 /1 - 16314, (север) и КП 16 346/18-16346/21(југ)**






Слика (090) **КП16315/1/2**



Слика (092) **16315/1/2**

***Парцели( во улица темница): 16314,16312(кон север) и (кон југ 16346/18,16346/11...**не се читливи на катастарската мапа)







слика 094 **16346/18 и КП ??**




слика 096 **КП16346/18**




слика 098 **16346/18**



слика 102 **16346/11**(поглед од другата страна)




слика 104



слика (106) **16346/18**




слика (114) **КП16346/18 и КП16346/11**

## *4.4.3 Подсегментен потег -Уличка помеѓу КП 16311 и 16308 во насока кон ул.Самоилова,*

Девастации на традиционалните многу тесна попречна поврзувачка уличка (помеѓу ул.К.Абраш и Самоилова) која има посебна амбиентална вредност во традиционалниот урбанитет на Охрид .Девастациите се од :

-Употреба на несоодветни материјали и обликување на дворна капија фиксирана за неуредно излиени бетонски столбови(КП 163430)

- претворање на уличниот простор во `магацин на отворено` преку недозволено одлагање на амбалажна и друг вид роба о него,(КП16311 и16308,16304)

***Инфраструктурна контаминација***

- орманчиња за струја со различна форма,димензија,самостоечки и потпрени на фасадите(додатно испишани со графити),најчесто се мултиплицирани по две до три;кабли за различни инсталации се наоѓаат по фасадите но и преку улицата поврзувајќи две страни,

- олуци за одвод на атмосферска вода- вертикални,коси и неуредно водени, видливи на фасадите,водата се разлива по улица;

-шахти во партерот се без ред поставувани;интервенции во партерот со бетон околу шахтите--

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### *4.4.3 ПОДСЕГМЕНТ УЛИЧКА ТЕМНИЦА КОН УЛ.САМОИЛОВА(помеѓу КП16311 и КП 16308)*






Слика (110) **КП 16311, 16308, (уличка)**

## *4.4.4 Подсегмент од улица темница до прва уличка кај Болнички цркви*

**Катастарски опфат: (КП 16308-КП 16343) сев. и (КП 16346/21-КП 16346/22) југ,**

-**Квалитетот на визуелниот и културно историски идентитет на потеготот** е засегнат со девастации кои произлегуваат од некохерентни интервенции на архитектонските и урбани карактеристики на скапоцениот амбиент на `темниците`,на објектите кои се над нив,од нефункционален дизајн на урбаниот мобилијар и сл.

***Фасадни деградации***

-Различно и индивидуално обликување на излози,на влезни врати во објектите долж ул.темница,

-употреба на различни дизајни на заштитни метални решетки за врати,излози,

-несоодветна употрба на материјали за обликување на фасадни партии околу влезовите во објектите во ул.`темница`

- Настрешници и тераси со настрешници на објектите на улицата надвор од ‘темицата‘ –изведувани се како објекти од траен карактер (не сезонски),од различни материјали,врз солидна конструкција и со инивидуален дизајн без било каков напор за амбиентално поврзување во естетско визуелна насока

***осветлување***

-со висечка и конзолна варијанта на светилки со мотив на охридска куќа,без доволен капацитет за да го осветлуваат потегот на темницата или влезот(излезот);

***Илуминација*** –нема,а треба да биде изведена за да се истакне амбиентот помеѓу `темниците`

---

***Табли за огласување***

-безброј различни форми, поставувани на различни начини,

-латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,

-употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема;доминира ангисклиски јазик

***Инфраструктурни девастации***

- тела од еркондишни врз фасади,

-Пластични контејнери за отпад слободно поставени во улицата,

***Партерно уредување***

-Скалници за влез во објектите со угостителска и друг вид намена изведувани се во просторот на улицата;материјализација е во различни современи материјали,

-жардениери по сопствен избор,различни по форма,боја со или без зеленило

***<u>Препорака</u>****:овие традиционални специфични улични сегменти треба да имаат дискретна илуминација(според* ***Проект*** *), унифицирана за сите вакви улички на потегот* од *СГЈ,опремање и уредување со достоен мобилијар,да се среди партерот,да се сменат табли за рекламирање и огласување и сл.*

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### *4.4.4 ПОТСЕГМЕНТ ОД УЛ.ТЕМНИЦА ДО ПРВА УЛИЦА КАЈ БОЛНИЧКИ*







Слика (117) **КП 16308**




Слика (119) **КП 16308** (детал)




Слика (123) **КП 16308,**(гледано од спротивна страна)



Слика (127) **КП 16343**

**4.УЛИЦА КОСТА АБРАШ**

## *4.4.5 подсегмент ‘двете улички околу Болнички цркви и куса делница меѓу нив’*

**Катастарски опфат: (КП :16343,16310,16309) (**прва уличка покрај Болнички кон Самоилова,лева-западна страна)

**Квалитетот на автохтониот културно историски амбиент на потеготот** е со виден степен на нарушувње.

### *Архитектура-урбан мобилијар*

*Архитектонски девастации :*

-Изведени настрешници над влезови во објектитево приземје или на катовите,

-поставување на метални конзолни носачи по фасадите без јасна намена(идна или мината);конзоли за сушење алишта

- *Архитектура и табли за огласување :*

- поставувани врз фасади, позиционирани на различни начини и позиции ,со безброј различни форми и употребен материјал

-употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира ангисклиски јазик

-латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,

### *елементи на партерната површина :*

*- улична партерна површина во целиот потег*: стара обработка во камени коцки, на места во добра состојба ,но на места е неодржувана, со интервенции во бетон или бекатон коцки

*-скалници* од објектите ,спротивно на важечките законски одредби навлегуваат во уличната површина и се изведувани во различни материјали

*-Жардениери* -поставка по уличниот партер по сопствен избор на сопствениците,изработени од бетон,различни по форма и боја,без уредно зеленило - *Осветлување:*конзолни светилки од типот со мотив од охридска куќа;нема осмислен распоред на истите ,така што амбиентот особено по бочните улички е недоволно осветлен

*Информативни табли* : сигнализација и сигналитика за двете цркви нема иако кон нив се пристапува и од ул.К.Абрашевиќ а не само од ул.Самоилова

## ***Инфраструктурни девастации***

-тела од еркондишни врз фасади,

-Видливи енергетски кабли во воздух,по фасади,телекомуникациски разводи,инсталации и сл.

*Препорака : состојбата ќе може да се поправи и унапреди по пат на* ***Проект*** *за помали архитектонски прочистувања и корективни интервенции на архитектонските адаптации настанати во поново време во кој ке се опфати и уредување и поставување на нов урбан мобилијар(информативни табли ,паноа со ‘приказна‘ за Болничките цркви.,нови табли за огласување за угостителство во куќите, улично светлои т.н.*

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## *4.4.5 подсегмент ‘двете улички околу Болнички цркви и куса делница меѓу нив’*






Слика (129) **КП 16343,16310,16309** *(лева страна на бочна уличка кон ул.Самоилова)*






Слика (136) **КП 16347**



Слика (138) **КП 16349**



Слика (140) **КП 16347**

*во уличка крај Болнички цркви,лева и десна страна(исток и запад)*






Слика (142) **КП 16349**(лево)и **16350** (десно)




Слика (144) **16350, 16353, 16351, 16300/1** *(во уличка кон Болнички цркви десна страна-исток)*



Слика 146 **КП16349** (лево) и **КП 16350**(десно)

# 4.5. Сегмент од комплексот ‘Табана’

**Квалитет на визуелниот и културно историскиот идентитет**

Девастациите на овој потег се од голем обем.Истите се разликуваат по својот интензитет и вид според позицијата на објектите во овој дел на улицата .Уличната фасада формирана од објектите позиционирани кон североисток ,со девастации на визуелно загадување на амбиентот иако големи по обем,имаат поправлив карактер.

Уличната фасада формирана од објектите позиционирани кон југозапад во голем обем е *визуелно контаминирана* и тука ке се потребни поголеми стручни интервенции за доведување на амбиентот на јавниот простор (заедно со архитектонската фасадна кулиса која е во видно поле на јавниот простор) во ***нужно соодветна рамка*** достојна на културно историското значење на локацијата во минатото според кое до денес го носи името`Табаана`.

Поради ваквата состојба анализата на постојната состојба која следи подолу освен за *Елементи на партерната површина* и дел за *Урбаниот мобилијар* е поделена во два дела според наведените позиции

**1.Општи карактеристики на постојната состојба во целиот сегментот и потреби**

Овој сегмент е дел од комплексот `Табаана` кој има свое историско значење според функцијата и активностите кои тука се одвивале. Денес не постои никаква информација, не постои никаков елемент кој би асоцирал макар наративно ако не и материјално на кожарството (табачки занает),тој важен занает на населението на Охрид во минатото кој во примарната фаза на обработка на кожите ,токму тука се одвивал (по кожарските крзнени производи Охрид бил познат извозен центар кон Исток и Запад)

Од тој аспект просторот во културно историскиот наратив е потполно безличен.

**УРБАНА ОПРЕМА НА ПАРТЕРНИТЕ ПОВРШИНИ-**

***елементи на партерната површина на целиот потег:***

**Улична партерна текстура** ( *улица,улични проширувања , џепови, нов плоштад):*

- стара обработка во камени коцки,на места со интервенции во бетон ,асфалт и бекатон

-Скалници пред објектите се незаконски навлезени во уличниот простор

**Елементи за разграничување на површините**:

- Бетонски топки пред новиот плоштад кај обновените бедеми (на местото од објектот од старата библиотека) ; на други позиции не постојат никакви граничници

*-со саксии*: крупно саксиско зеленило засадено во големи пластични саксии наредено во серии со цел создавање на огради за ограничување на визури,сообраќај

**Елементи за третман на вегетација**

*жардениери* :по сопствен избор на сопствениците ,изработени од бетон различни по форма и боја (без уредно зеленило);

*метални просторни жардениерски конструкции* со многу уредно цветна сезонска вегетација,

**-Елементи за осветлување** :

Планско осветлување од страна на објектите нема; истото се излачува преку излозите, рекламите и самите угостителски наоколу. Уредени канделабри има долж кејот од пристаништето .

**УРБАН МОБИЛИЈАР**

*- Корпи за ѓубре* –не постојат

-поставени се слободно стоечки сандаци за сладолед без секаков дизајн и несоодветни за амбиентот

**-Елементи од инфраструктура**

*Капаци за шахти* на уличната површина :*типа а)*метални,со стандардна кружна форма но поставувани без естетски систем во партерот; *тип б)* отворени шахти (покриени само со метални решетки) ,на места е видливо запушување,

- атмосферска вода од кровните олуци истекува по уличниот партер

-*ормани од ЕВН*, разводни кутии за разни видови телекомуникациски инсталации...

-кабли од инсталации слободно и без ред се водат по фасадите, висечки кабли над улиците,

## *Препорака за потребни активности :*

*-да се постави информативна (сигналитичка) табла со `приказна` за просторот во минатото ,*

*-поставка на еден `мини` музејски простор во некој од објектите со таква нарација и фотографии од просторот,алати,модни парчиња од облека.... на овој дел кај Нушиќ текстот за луксузната облека....* ***Потрбен е Проект за уредување и опремање на целиот сегмент ‘Табана***

## *4.5.1 североисточен фасаден уличен низ*

**Катастарски опфат :** ***(КП 16350-16356)*** *(агол спроти Зарчев)*

### Архитектура /урбана опрема-*девастации*

-Различно обликување на приземни фасади настанато во поново време

-фасадни излози на преобликованите приземни фасади -употреба на различни материјали и боја за столарија и за заштитни ролетни на излозите (дрвени,метални,пластични,бели,кафени),најчесто, несоодветни за вредностите на традиционалниот амбиент

-Фасадни табли за огласување: безброј различни форми, поставувани на различни начини,од различни материјали;многу често умножени табли за огласување за исти вид фирма или услужна намена врз иста фасада

-светлечки реклами закачени на фасади,несоодветни по материјал и карактер за амбиентот

-Латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,

-Употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира англиски јазик

-Настрешници над влезови во угостителските објекти особено од јужната улична страна - изведувани како нови интервенции ,тие се од цврст материјал и во различни форми,со различни видливи конструктивни носачи,

-тела од клима уреди прицврстени врз фасади

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### *4.5.1 СЕВЕРОИСТОЧЕН ФАСАДЕН НИЗ*







Слика (152) **КП 16350,16355** (*каршија Момир)*




Слика (154) **КП 16350, 16355**



Слика (156) **КП 16350, 16355**



Слика (158)




Слика (160) **КП16355**




Слика **КП 16355**







Слика (164) **КП 16355**




Слика (169) **КП16352**




Слика (173) **КП 16352**



Слика (175) **КП 16355 и 16352**



Слика 177 **КП 16355**




Слика (181) **КП 16355**

## *4.5.2 југоисточен фасаден уличен низ( КП16357-16346/5) од кај Зарчев кон Св.Софија*

## Архитектура

***<u>Девастации од архитектонски интервенции</u>***

-Визуелна контаминација на Ј-И потег

-Кровна силуета -карактеристичната традиционална хоризонтална линија на протегање на кровни слемиња и стреи е комплетно изгубена како резултат на непостоење на *<u>Архитектонски проект за обликување на интегрирани фасади</u>* по делници како логичен производ од ЗКО и ДУП

- архитектонски неусклaдени индивидуални адаптации и интервенции на објектите и слободниот простор пред нив(јавен и приватен),главно за комерцијални пренамени.

-настрешници –изведувани како објекти од траен карактер (не сезонски),од различни материјали,врз солидна конструкција и со инивидуален дизајн без било каков напор за амбиентално поврзување во естетско визуелна насока ;

-_настрешници во вид на *<u>метални просторни жардениерски конструкции</u>* со многу уредно цветна сезонска вегетација,

-Настрешници во комбинација со тенди во разни бои и рекламни исписи

***<u>Девастации од информативни и рекламни огласувања</u>***

-Голема концентрација на огласни табли,реклами ,светлечки реклами,бои

-Архитектурата не е видлива од рекламни и огласни табли и друг вид помошни средства за огласување

-Таблите за огласување се во различни форми, поставувани на различни начини(вертикално,хоризонтално,конзолно,удвојувани или мултиплицирани и т.н.),

-латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,локалите,робата што се нуди ,

-употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира ангисклиски јазик

***Инфраструктурна и енергетска визуелна девастација***

-Огромна концентрација на антени за телекомуникации врз кровoвите,разводни кутии и кабли по фасадите

-Соларни панели и бојлери врз кровoвите,

-оџаци во вид на метални цеви за потребите на ресторантите се позиционирани без концепт за визуелните реперкусии по бочните фасади и кровови

-тела и одводни црева од еркондишни врз фасади,

-различен третман на видови визуелни архитектонски `*паравани*`,изведувани од различни материјали(дрвени огради со столбови,зеленило,високи зид-паравани од дрво..)

***Елементи за разграничување на сообраќај***

*жардениери* и саксии по сопствен избор на сопствениците во однос на материјал, форма,боја со или без зеленило поставнувани како грничници за движење

*саксии*: крупно саксиско зеленило засадено во големи пластични саксии наредено во серии со цел создавање на огради за ограничување на визури,сообраќа

-Пластични контејнери за отпад,

-Скалници за влез во објектите со угостителска и друг вид намена изведувани се во просторот на улицата;изведувани во различни современи материјали.

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## *4.5.2 Југоисточен фасаден низ (правец од кај Зарчев кон Св.Софија)*







Слика 179 **КП 16357**



Слика (183) **КП 16357**




Слика (118) **КП 16346/5**







Слика (187) **КП16346/5** и **КП 16346/2**



Слика (189) **КП 16346/2 и 16360/3***(во дното)*







Слика (191) **КП 346/5** и КП **16346/2** *(кровови)*




Слика (193) **КП 16360/3** *( бела фасада)*




Слика 195) **КП16346/5** и **КП 16346/2**



Слика (197) **КП 16346/2** *(кровови)*







Слика (203) **‘Далга’**




Слика (205) **КП 16360/3**




Слика (207) **КП 16360/3**



слика (209) ( кај **Далга** )







Слика (213) **КП16341/1** и **16342/1**




Слика (217) **КП 16340/1 'Кадмо'**



Слика (219) **КП 16340/1** и **16341/1**



Слика (221)



Слика (223)

# 5.Улица Самоилова

## Културно историски вредности

Комплексот ја опфаќа урбаната агломерација, формирана на елитната Самуилова улица со највредните примероци на Охридската архитектура, Музејот Робевци, куќа на Патче, куќата на Христо Узунов, куќата на Уранија, и нивната поврзаност со приобален дел долж улицата Коста Абраш, преку пасажи -"темници", каде се сочувала атмосферата на традиционален амбиент.Во Комплексот кој се развива на тесниот рамен појас покрај Езерото можат да се евидентираат, типолошки неколку видови на станбени објекти.

- Типови на рибарски објекти, со тесни,издолжени локации, во густи низови, кои користат во директен контакт, дел од брегот, како и помошни припратни објекти на самата обала.

- Типови на објекти кои се репрезентативни, со големи габарити и просторни структури, како што е објектот на познатото семејство Робевци, позната со својата монументалност, денес ревитализирана во Музеј на град Охрид.

- Типови на објекти кои се формираат над "темници", користејќи го воздушниот простор и економичност во локацијата покрај брегот.

Другите објекти се слободно поставени на ридестиот терен, на улица Методи Патче и улицата Христо Узунов, со висинска разлика од крајбрежниот дел до улицата Христо Узунов од 24 метра, над природна карпа и насипани терасасти локации, на потпорни ѕидови, со исклучиво отежната пешачка комуникација.Нема можност за продори кон терасастиот терен, бидејќи низовите на објекти, интегрално поврзани, по улицата Цар Самоил, ги затвараат визурите со исклучок кај лапидариумот на куќата Робевци, каде е оформен продор, кон ридестиот простор, на кој се лоцирани куќите на дел природна карпа , дел на потпорни ѕидови.

## 5.1 Простор од плоштад Св.Софија до Болнички компекс

**Катастарски опфат -КП 15981/1 и КП 16283 (на север)**

**-КП 16016 и КП 16302(на југ)**

**Визуелниот идентитет на потегот** е нарушен со различен интензитет долж уличниот потег , а истиот е резултат од настанати девастации на две рамништа:

***а) На архитектурата***

***б)На јавниот отворен простор***

## а)Архитектура

Девастациите во архитектурата се производ на интервенции од понов карактер и се изразени:

-во зона на крововите,

-на фасадите и нивната текстура

- на приземните зони со адаптации заради услужно -комерцијални причини и слично

***<u>Зона на кровови со негативни реперкусии врз уличната силуетата како и на поединечните објекти</u>*** **:**

-непримерно поставување на енергетски тела врз крововите(соларни панели,бојлери..) ; поставување на телекомуникациски антени,

- подигнати се поткровја со тераси со поглед кон улицата или отворани се тераси во самиот кров;

-појави на невкусно покривање на наведените кровни тераси со перголи и настрешници од поликарбонати во интензивни бои

***<u>- девастации на фасадната артикулација и текстура</u>***

-појави на непримерно покривање на фасадни тераси од катовите со перголи и настрешници од поликарбонати поставени на метални фиксни потконструкции(едноставни или од ковано железо);

-Поставување додатни платнени чадори за засенчување во просторот на гореспоменатите покриени катни и дворни тераси со поликарбонатни настрешници;

-голема разновидност во употребата на материјали и во начинот на обликувањето на оградите на терасите по катовите кои немаат никаква транспозициска асоцијација со традиционалните модели

-фасадите се узурпирани со клима уреди и црева за одвод на нивната отпадна вода

-неуредно фасадно водење олуци за одвод на атмосферска вода од крововите која понатаму директно истекува по улицата

-непримерно поставување на разни видови разводни инсталациски кутии ,со цевководни доводи и одводи

- видливо и неуредно фасадно водење на кабли за телекомуникации,интернет исл.

-не постои одмерен и соодветно на културно историскато значење на СГЈ, визуелен изглед на рекламите и таблите за огласување(избор на материјали за таблите и рекламите,големина,форма,позиција ,боја..)

*-добри примери на табли за информирање и огласување* постојат само на неколку позиции (КП Патчев-хартија,КП лапидариум,КП дизајн..);кај некои од нив се забележува тенденција за унифициран дизајн како препознатлив за просторниот потег

-испишување со латинични букви на таблите за огласување, англиски именувања на функциите на комерцијалните приземни простори и т.н

***-приземни девастации***

-Различно преобликување на приземни фасадни партии настанато во поново време

-покривање на дворните парцели кај приземјата ориентирани кон улицата како јавен простор, со различни форми на поликарбонатни настрешници или пластифицирани тенди во различни бои и испишани реклами

-тенди и чадори-поставувани се во дворовите со улична ориентација,со различна димензија,систем на функционирање(отворање,затворање);воглавно на непримерен начин ја прекриваат фасадата и со тоа таа е визуелно несогледлива и не учествува во уличниот амбиент со својата архитектура

-фасадни излози на преобликованите приземни фасади -употреба на различни материјали и боја за столарија и за заштитни ролетни на излозите (дрвени,метални,пластични,бели,кафени),најчесто, несоодветни за вредностите на традиционалниот амбиент

-Фасадни табли за огласување: безброј различни форми, поставувани на различни начини,од различни материјали;многу често умножени табли за огласување за исти вид фирма или услужна намена врз иста фасада

-светлечки реклами закачени на фасади,несоодветни по материјал и карактер за амбиентот

-Латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,

-Употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира англиски јазик

-Настрешници над влезови во угостителските објекти особено од јужната улична страна - изведувани како нови интервенции ,тие се од цврст материјал и во различни форми,со различни видливи конструктивни носачи,

***Запуштени приватни парцели*** отворени или експонирани кон јавниот простор на улицата

***Запуштени фасади*** од напуштени или крајно руинирани објекти

*Препорака за запуштените простори:..*изведба на `паравани`од зелени ползавици или од друг вид на материјал како би се покриле овие запуштени дворови и фасади со цел да се камуфлирала нивната руинираност која визуелно го деградира уличниот потег во дадените локации

## б) Јавен отворен простор

Девастациите и визуелните реперкусии од нив во овој сегмент главно се манифестираат преку елементите на урбана опрема која во најголем процент е врзана за архитектурата и производ на личните разбирања на сопствениците на објектитите. Главно произлегуваат од несоодветна и стихијна примена на урбана опрема (куќни огради, табли за огласување и реклами, од недостаток на урбан мобилијар, осветлување,елементи за разграничување на сообраќај ; од несреденост на комуналната инфраструктура ; естетски лошо поставување електрични ормани вдолж улицата, други инсталациски уреди и т.н.

### ***1. елементи на партерната улична површина***

****Улична текстура***

- *партерна површина во целина*: стара обработка во камени плочи меѓутоа местимично видливи се неуредни интервенции со гранитни коцки;

****Елементи за разграничување на јавните површини***

**- *Огради***-заради поставеноста на куќите по уличниот фронт,оградите од дворните парцели претстауваат приватна должност и активност на границата на јавниот простор и од тој аспект приватните огради од дворовите претставуваат дел од уличната урбана опрема.

Основна карактеристика на овој елемент со мали исклучоци претставува недостаток на концептуална тенденција за естетска равнотежа и непостоење на поврзувачки елементи кои би и дале идентитет на улицатакако и разновидност со најчесто концептуално несоодветни интерпретации за традиционалниот амбиент на оваа средновековна улица.За одбележување се лоши врски помеѓу поединечните индивидуални огради,големи оштетувања(сл.316),запуштеност, одронувања и сл.што резултира во естетска неуредност на потегот од улицата.Варијантите на огради се следни:

-добар модел тесно поврзан со автохтоните типови на огради се оние во камен со завршница со ќерамида(црковните огради кај црквата Геракомија,кај Болничките цркви, или зидани жардениери полни со цвеќе или зеленило кои на најдобар начин се поврзуваат со камените приземја на куќите подигнати на уличната граница .Нажалост најчесто тоа се оградни зидови со неуредна зидарија,понекаде дури и со бетонски завршници ;дел од нив се изведувани во техника на сувозид,некои се со влечени фуги и т.н.

-комбинирани огради во камен и метални решетки со едноставен или декоративен растер

-малтерисувани полни или комбинирани огради –со концепт на полн парапет и зидани малтерисани столбови помеѓу кои е поставувана железна ограда во растер

-бетонски огради(полни зидови со одмерена височина)

***Улични скали*** **:** се појавуваат на повеќе позиции каде се решавани поголеми денивелации во теренот на комуникациски позиции;изведени се на добар традиционален начин со камени гранитни коцки или плочи;местимично има изведба и во павер(бекатон)коцки и истите треба да се заменат со камен

-***улични скалници***- пред влезови на објектите или во влезовите на челните дворови местимично изведувани се во уличниот простор (да се елиминираат);

***- елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај*****:** нема **;**

## *Елементи од инфраструктура

***-електрични ормани;*** естетски лошо поставувани пред куќите(наслонети на фасадите)

***-разводни кутии за интернет,телекомуникации*** и други уреди (по фасади)

-**кабли** :се водат слободно по фасади или воздушно

***-капаци за шахти-***неуредно и без систем се поставувани во партерот

## 2.Урбан мобилијар*:*

* ***Корпи за отпадоци*****:**нема никаде долж улицата

****Елементи за осветлување*** **-**варијантите се следни**:**

*-Слободно стоечки улични светилки(канделабри)со мотив на охридска куќа:*

-не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој уличен потег со високи културно историски вредности и античко средновековњн херидитет;нема видлив концепт во нивно поставување и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;лоша врска со почва искривени столбови ...

-*Конзолни фасадни светилки со мотив на охридска куќа :* подобра и почиста варијанта отколку слободно стоечките светилки во функционална смисла заради тесниот уличен потег во кој куќите и оградите ја дефинираат уличната ширина

Светилките не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор;нема видлив концепт во поставувањето и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;

*Препорака:замена на обата типа со нови светилки според типологија од каталог врз основа на идниот Правилник за урбана опрема и според иден проект за осветлување на овој дел од СГЈ ;*

*Илуминации:* Илуминацијата на куќата на Робевци и куќата на Уранија го задоволува барањето за истакнување на локацијата и спомениците.

***Оценка*** : илуминацијата е по принцип на снажно осветлување (со помош на неодмерено висок и упадлив рефлектор позициониран на КП 16317 кој е некохерентен со вредноста на локацијата со двата споменици-куќи) а не по принцип на самооддавање на светлина(зрачење) што би било посоодветно и што подразбира употреба на други видови илуминаторски тела кои се невидливо позиционирани

****Елементи за информирање на пешаци:***

***-Елементи за обележување на споменици на култура –*** на сите објекти кои се со споменички статус веќе се поставени унифицирани и убаво дизајнирани табли

***-Сигнализација***-поставени се зидни или конзолни табли со застарен дизајн , на недоволно осмислен начин и позиции ;

***-Информативни табли за споменици на култура , споменички комплекси и целини(сигналитика)***-не постојат табли со`приказна`,тач скринови,

***-Елементи за огласување***-на угостителство,сместувачки капацитети,услужни дејности и сл.претставуваат најразлични табли(во материјал,боја,големина,начина на поставување..);главно се врзани за архитектурата и се погоре опишани особено со негативните аспекти.

*Препорака* : поставување на нови табли на позиции според ***Проект за уредување на предметниот дел на јадрото*** базиран на Правилник за унификација на УО кој ќе произлезе од оваа студија и дефиниран Каталог базиран на истиот Правилник.

# ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

## 5.1 ОД ПЛОШТАД ПРЕД СВ.СОФИЈА ДО БОЛНИЧКИ ЦРКВИ

### *5.1.1 СЕВЕРЕН НИЗ*






Слика (270) КП**15976**



Слика **КП 159777**







Слика (282) **КП 15977**






Слика (286) **КП 15974**







Слика (288) **КП16252/1, 16251 и 16255**






Слика (308) **Парцела 16254**

**Парцели КП:16250/3 16259/1**






**Слика 316 состојба помеѓу КП 16250/3 и 16259/1**



**Слика 310 КП:16250/3 16259/1**



**Слика (314) КП:16250/3 16259/1**



**Слика 312 КП 16259/1/2**




Слика (320) **КП16259/2 и 16253/5**







Слика (322) **КП 16253/5**






Слика (324) **КП 16260/1 (Робевци, Лапидариум)**



Слика (326) **КП 16260/1**



Слика (328) **КП 16260/1**




Слика( 330) Робевци – влез со лепени афиши !!!






Слика (332) **КП16264 (Патчев)**




Слика (335) **КП16264 (Патчев)**




Слика (337) **КП16264 (Патчев)**






Слика: (339) **КП 16265**



Слика 343 **КП 16265**






Слика 345 **КП16268/3**



Слика (348) **КП16268/3**



Слика (350) **КП16268/3**






Слика (355) **КП 16268/2**



Слика (358) **КП 16268/2**

*Парцела:16275/1, 16275/2






Слика (362) **КП 16275/1, 16275/2**



Слика (364) **КП 16275/1, 16275/2**






Слика (367) **КП 16276**






Слика (374) **КП 16277, 16281**

## 5.2 Сегмент од Болничките цркви до плоштад Св.Климент Охридски

### *5.2.1 Северен фасаден низ (КП 16286-15469)*






Слика: 381




Слика: (383) **КП 1628?**



Слика (385) **КП 1628?,16282, 16283**




Слика (394)




Слика: (396) **КП 16283**




Слика (379) **КП1628? 16282**






Слика:(387)**16253/7, 16253/3, 16288** *(уличен изглед кај Болнички)*



Слика (389) **КП 16253/3,16288**






Слика (391) **КП 16286**




Слика: (400) **КП 16286**



Слика (406) **КП 16286**







Слика (402) **КП 16231/1**




Слика (404) **КП 16231/1**







Слика (413) **КП 16285/2**




Слика (415) **КП 16285/4,16226/1**




Слика 419 (детал)







Слика:421 **КП 16285/4**




Слика (423) (на картата овој објект нема бр.КП)







Слика (425) **КП 16227(Филеви), 16222**




Слика 427 КП **16222** (Music Souvenirs), **16221** розова (зелени жардењери,банка)



Слика (429) **КП 16221**




Слика (447) **КП 15485/1**



Слика (431) **КП 16221**




Слика (433)детали кај **КП16221 и 15485** (во надвратна зона)




Слика (437)  КП детали кај **КП16221 и 15485**




Слика (445) КП **16221**







Слика (441) детали кај **КП 15460,15465,15466**, (во низ)




Слика (443) детал од иста позиција со фрагмент од спротивна страна




Слика: (463) **КП15466 (магаза)**




Слика (473) **КП15466 (магаза)**







Слика (479) **КП 15466, 15464,15463**







Слика: 484 **15470,15463** и т.н во перспектива




Слика 482 **15470, 15469**




Слика (636) **КП 15469**

## 5.3 Сегмент од плоштад Св.Климент Охридски до Болничките цркви

### *5.3.1 Јужен фасаден низ (КП 15476 -КП 16303 црква)*

**Културно историски вредности**

Овој сегмент е дел од комплексот `Долна порта` кој има свое историско значење според функцијата и активностите кои тука се одвивале почнувајќи од античко време,преку средновековјето па се до денес. `Долна порта` е еден од трите главни влезови во утврдениот град уште од античко време, со до денес видливи остатоци од одбранбените кули на портата,на дел од одбранбените бедеми и на некогашното ниво на античка и средновековна улица и нејзин автентичен плочник(конзерваторски презентиран).Тука се и двете средновековни цркви Болнички кои претставувале точка за карантински престој –проверка на патници кои доаѓале во градот во периодите на средновековјето,на големите епидемии на чума и сл.

**Квалитет на визуелниот и културно историски идентитет на плоштадот**

И покрај тоа што овој простор претставува автохтона влезна партија во СГЈ со антички и средновековен функционален и материјален хередитет,девастациите се големи и деградирачки за заштитеното место и јадро.

Во однос на културно историскиот наратив просторот и покрај своето значење е потполно нем и безличен (освен што покрај кулата постојат застарени и искривени таблички за сигнализација со кирилично латинично писмо,но не на англиски или друг јазик).

Двостраната улична кулиса формирана од непрекината низа на фасади од главно високи прилепени објекти(делумно автентични,дел обновени а дел новоизградени) позиционирани на уличните граници во голем обем е *визуелно контаминирана* и тука ке се потребни поголеми стручни интервенции за доведување на амбиентот и архитектонската фасадна и просторна кулиса во ***нужно соодветна рамка*** достојна на културно историското значење на локацијата во минатото според кое до денес го носи името`Долна Порта`

*<u>Препорака за итни активности</u> :*

*-да се постави информативна табла со `приказна` за просторот во минатото,негови видливи и невидливи содржини,илустрации со реконструкции.... ,*

*-поставка на еден `мини` музејски простор во некој од објектите со таква нарација и фотографии од просторот во минатото и сл,*

**Визуелниот идентитет на потегот** е нарушен со различен интензитет долж уличниот потег , а истиот е резултат од настанати девастации на две равништа:

***<u>а) На архитектурата</u>***

***<u>б)На јавниот отворен простор</u>***

## а)Архитектура

Девастациите во архитектурата се производ на интервенции од понов карактер и се изразени:

-во зона на крововите,

-на фасадите и нивната текстура

- на приземните зони со адаптации заради услужно -комерцијални причини и слично

***<u>Зона на кровови со негативни реперкусии врз поединечните објекти, уличната визура и силуета</u>***:

-кај одреден број приземни објекти вршена е просторна адаптација со продолжување на кровот како покрив за доградени тераси врз уличниот плочник

- поставување на енергетски тела врз крововите(соларни панели,бојлери..)кои влегуваат во визурата и ја девастираат

- поставување на телекомуникациски антени,

-поставување на димни метални канали со различни профили ,кои излегуваат над кровите или се ползат по фасадите кај угостителските објекти завршувајќи над кров

-рекламни табли за угостителство лебдат над крововите

-отворани се тераси во самиот кров

-надградба на поткровја(мансардни) на естетски непримерен начин

***<u>- девастации на фасадната артикулација и текстура</u>***

- покривање на фасадни тераси од катовите со тенди во различни бои и натписи

-Поставување додатни платнени чадори за засенчување во просторот на терасите

-голема разновидност во употребата на материјали и во начинот на обликувањето на оградите на терасите по катовите кои немаат никаква транспозициска асоцијација со традиционалните модели

-фасадите се узурпирани со клима уреди и црева за одвод на нивната отпадна вода

-неуредно фасадно водење олуци за одвод на атмосферска вода од крововите која понатаму директно истекува по улицата

-непримерно поставување на разни видови разводни инсталациски кутии ,со цевководни доводи и одводи

- видливо и неуредно фасадно водење на кабли за телекомуникации,интернет исл.

-поставување на рекламни табли и табли за огласување врз фасадите по катовите

-испишување со латинични букви на таблите за огласување, англиски ,италијански и др.вид именувања на сместувачките капацитети,апартмани(настрана што сите се нарекуваат вили) на функциите на комерцијалните приземни простори и т.н

***-приземни девастации***

-Различно преобликување на приземни фасадни партии настанато во поново време

- излозите во приземјата се со неограничена палета на обликување,без секаков напор за одредено усогласување на потегот заради препознатливост на амбиентот

-Настрешници над влезови во угостителските објекти изведувани како нови интервенции ,тие се од цврст материјал и во различни форми,со различни видливи конструктивни носачи,и во различни материјали(матал,пластика,дрво...)

-тенди и чадори, -поставувани се во продолжените покриени тераси на уличниот плочник со различна димензија,систем на функционирање(отворање,затворање), во различни бои,со испишани реклами на пијалоци,храна и воглавно на непримерен начин ја прекриваат фасадата и со тоа таа е визуелно е несогледлива и не учествува во уличниот амбиент со својата архитектура

-фасадни излози на преобликуваните приземни фасади -употреба на различни материјали и боја за столарија и за заштитни ролетни на излозите (дрвени,метални,пластични,бели,кафени),најчесто, несоодветни за вредностите на традиционалниот амбиент

-Фасадни табли за огласување: безброј различни форми, поставувани на различни начини,од различни материјали;многу често умножени табли за огласување за исти вид фирма или услужна намена врз иста фасада

-светлечки реклами закачени на фасади,несоодветни по материјал и карактер за амбиентот

-Латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,

-Употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира англиски јазик

## б) Јавен отворен простор

Девастациите и визуелните реперкусии од нив во овој сегмент главно се манифестираат преку елементите на урбана опрема која во најголем процент е врзана

за архитектурата и производ на личните разбирања на сопствениците на објектитите. Главно произлегуваат од несоодветна и стихијна примена на урбана опрема ( табли за огласување и реклами, од недостаток на урбан мобилијар, осветлување,елементи за разграничување на сообраќај ; од несреденост на комуналната инфраструктура ; естетски лошо поставување електрични ормани вдолж улицата, други инсталациски уреди и т.н.

## ***1. елементи на партерната улична површина***

****Улична текстура***

- *партерна површина во целина*: стара обработка во камени плочи меѓутоа местимично видливи се неуредни интервенции со гранитни коцки;

****Елементи за разграничување на јавните површини***

***Улични скали*** **:** се појавуваат на повеќе позиции каде се решавани поголеми денивелации во теренот на комуникациски позиции;изведени се на добар традиционален начин со камени гранитни коцки или плочи;местимично има изведба и во павер(бекатон)коцки и истите треба да се заменат со камен

-***улични скалници***- пред влезови на објектите или во влезовите на челните дворови местимично изведувани се во уличниот простор (да се елиминираат);

***- елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај***: не постојат стандардни видови за ваква намена**;**

****Елементи за негување вегетација***

***-жардењери:*** по сопствен избор на сопствениците во однос на материјал(најчесто се од бетон), форма,боја ;истите се со или без зеленило; во овој дел од просторот се поставнувани како украс пред влезовите , местимично како грничници за движење но исто така се неуредно расфрлани по плочникот ;

## ****Елементи од инфраструктура и девастации од нив***

***-електрични ормани;*** естетски лошо поставувани пред куќите,трговските и друг вид објекти(наслонети на фасадите и во просторот на плочникот)

***-разводни кутии за интернет,телекомуникации*** и други уреди (по фасади)

-**кабли** :се водат слободно по фасади или воздушно

***-капаци за шахти-***неуредно и без систем се поставувани во партерот

-неуредно фасадно водење олуци за одвод на атмосферска вода од крововите која понатаму директно истекува по улицата

## <u>2.Урбан мобилијар</u>*:*

* ***Корпи за отпадоци***: нема никаде долж улицата

****клупи:***нема ,а за таа намена служат жардењери кои не се во функција.

****Елементи за осветлување -***варијантите се следни**:**

*<u>-Слободно стоечки улични светилки(канделабри)со мотив на охридска куќа:</u>*

-не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој уличен потег со високи културно историски вредности и античко средновековњн хередитет;нема видлив концепт во нивно поставување и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;лоша врска со почва искривени столбни носачи на светилките и сл.

-*<u>Конзолни фасадни</u> <u>светилки со мотив на охридска куќа :</u>* подобра и почиста варијанта отколку слободно стоечките светилки во <u>функционална смисла</u> заради тесниот уличен потег .

Светилките не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор;нема видлив концепт во поставувањето и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;

*<u>Препорака</u>:замена на обата типа со нови светилки според типологија од каталог врз основа на идниот Правилник за урбана опрема и според иден проект за осветлување на овој дел од СГЈ **;***

*<u>Илуминации:</u>* Илуминација на Долна порта, е застарена и треба да се надополни како и другите позначајни објекти кои претставуваат споменици на културата кои се осветлени со помош на Лајонс клуб Лихнидос – Охрид и претставуваат добра подлога да се продолжи со таквата практика.

***<u>*Елементи за информирање на пешаци и девастации предизвикани од нив:</u>***

***-Елементи за обележување на споменици на култура –*** на сите објекти кои се со споменички статус во овој просторен сегмент не се поставени табли и ќе треба да се допостават унифицираните и убаво дизајнирани табли кои се во употреба во поново време;

***-Сигнализација***-тоа што постои се зидни или конзолни таблици со застарен дизајн ,со лоши исписи,без превод на англиски јзик, поставени на недоволно осмислен начин и на лоши позиции ;

***-Информативни табли за споменици на култура , споменички комплекси и целини(сигналитика)-***не постојат табли со`приказна`,тач скринови,

***-Елементи за огласување-*** на угостителство,сместувачки капацитети,услужни дејности и др.;Овие елементи на урбана опрема всушност претставуваат најголемиот предизвикувач на визуелна девастација на овој дел од СГЈ,заради хаотичноста со која

се поставувани.Не е далеку од вистината дека на овој дел од влезот во СГЈ тие го засегаат и небото над објектите

-Голема концентрација на огласни табли,реклами ,светлечки реклами,
-Архитектурата и небесниот свод над објектите не се видливи од рекламни и огласни табли и друг вид помошни средства за огласување
-Таблите за огласување се во различни форми, бои и материјали;
-во употреба се и знамиња за огласување
-поставувани се на различни начини-вертикално,хоризонтално,конзолно,удвојувани или мултиплицирани,понекогаш и испишувани директно по фасадните зидови и т.н
-позициите се на неограничен начин избирани-од приземјата околу вратите,над вратите,околу излозите ,по прозорците на катовите,по балконите,се до крововите
-кирилично писмо скоро да не постои наспроти доминантното латинично испишување,
-доминираат странски имиња за називи на фирмите,локалите,робата што се нуди ,
-употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира ангисклиски јазик
-не постои одмерен и соодветно на културно историската значење на СГЈ, визуелен изглед на рекламите и таблите за огласување без задршка се мултиплицираат и по катовите на
-испишување со латинични букви на таблите за огласување, англиски именувања на функциите на комерцијалните приземни простори и т.н

***Препорака*** *: поставување на нови табли на позиции според* ***Проект за уредување на предметниот дел на јадрото*** *базиран на Правилник за унификација на УО кој ќе произлезе од оваа студија и дефиниран Каталог базиран на истиот Правилник*.

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

# 5.3. Од плоштад Св.Климент Охридски до Болнички цркви

## *5.3.1 ЈУЖЕН ФАСАДЕН НИЗ*







Фото (489) **КП 15476**






Слика (495) **КП 15478(трем) и 15481**



Слика: (491) детал од **КП 15478**







Слика (498) **КП 15481**



Слика (497) **КП 15481**






Слика (502) **КП15486/1** (под трем во приземје)



Слика (503) **КП 15486/1** (кат)






Слика (505) **КП15487** (детал од почетокот)



Слика (507) (панорама) до **КП 15488**







Фото (509) **КП 15487, 15488, 16293** (три објекти)






фото (513) КП **16295 и 16290/1**



Фото (516) **КП 16295 и 16290/1**







Слика:(526) **КП 16285**




Слика: (528) кон Болнички цркви **КП 16291/1**




Слика: (532) панорама **(КП 16253/2,16253/3 ...)**







Фото (534) **КП16253/7 или 16288** (нејасно е на карта)

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## 5.4.Потег од Болнички цркви до плоштад Св.Софија

### *5.4.1 јужен фасаден низ*







Слика (536) **КП 16302 (Болнички)**





Слика:(541) **КП 16303**



Слика: (543) **КП 16303**



Слика: (545) **КП 16303**



Слика (547) **КП 16303(во уличка покрај Болнички)**






Слика☹549) **КП 16305**






фото:(553) **КП 16301**



фото (554) **КП16301**(детал од влезот)



Слика (556) **КП 16307 и 16304**






Слика (559) **КП 16311**



Слика:(558) **КП 16304** (се руши)







Слика:(561) **КП 16311 (влез)**



**ул.'темница 'Помеѓу КП16304 и КП 16311**






Слика: (564) **КП 16312**



Слика: (565) **КП16312**(или /3) и празен плац **КП 16313**






Слика 566 **КП 16313/1**






Слика:(567) **КП 16315/1,16315/2,16316**



Слика: (568) **КП 16316**






Слика:(569) **КП 16317** (пред Робевци)








Слика 573 **КП 16317 и 16319**



Слика (575) **КП 16317 и 16319**





Слика 576 детал кај **КП 16319 и 16318**



Слика (577) **КП16318,16321**(музеј)




Слика: (578) детал помеѓу **КП 16319 и 16318**



Слика: (579) **КП16318**



Слика: (580) **КП16318**




Слика: (581) (детали) од **КП 16318 и 16321**



Слика: (582) (детали) од **КП 16318 и 16321**







Слика:(583) **КП 16321**



Слика:(584) **КП 16321**



Слика: (585) **КП 16321**



Слика:(586) помеѓу Музеј и Савинови **КП16321 и 16320**







Слика: (588) **КП 16320(Савинови)**




Слика: (589) **КП 16320**



Слика:(591) **КП 16320**



Слика: (592) **КП 16320**



Слика: (594) **КП 16320**






Слика: (606) **КП 16258, 16025/2, 16026 (уличен фронт)**






Слика (595) **(детали КП 16258)**



Слика: 596) **(детали КП 16258)**






Слика: (600) **КП 16025/2 и КП 16026,16024**



Слика: (601) **КП 16025/2**



Слика: (602) **КП 16025/2**



Фото (603) **КП помеѓу КП16026 и 16024(Вила Св.Софија)**



Слика: (607) **КП 16025/2**



Слика: (609) **КП 16026**






Слика:( 597) **КП 16024**



Слика: (603) **помеѓу КП 16026 и 16024**



Слика:( 614) **КП 16024**



Слика:( 623) **КП 16024**



Слика: (624) **КП 16024**

**<u>Парцела:16022(Геракомија)</u>**






Слика:(612) **КП 16022**



Слика:(613) **КП 16022**




Слика: 615) **КП 16022**



Слика:( 625) **КП 16022 и поглед кон КП16024**






Слика:(617) **КП 16022, 16019**



Слика (619) **КП 16019**







Слика (618) **КП16019**



Слика:(620) **КП16019**




Слика (621) **КП16019**




Слика (626) **КП16019**




Слика (628) помеѓу **КП 16018 и 16019**



Слика (632) **КП 16016**



Слика (633) **КП 16016**

**<u>Елаборатот го изработиле:</u>**

**Проф.Никола Павловски дипл.инж.арх.**
*Архитектонски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје*

**Проф.д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска дипл.инж.арх.**
*Архитектонски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје*

**Горан Патчев дипл.инж.арх.**
овластен конзерватор, НУ Завод и Музеј, Охрид

**м-р Висар Палоши град.инж.**
ЗИМ „СКОПЈЕ“ - А.Д.Скопје